Јавно претпријатие за извршување на водостопански дејности
Хидросистем Злетовица-Пробиштип

Бр. 04-396/2
04.07.25 год.

Врз основа на 33 од Статутот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, а во врска со член 22 и член 23 од Законот за работните односи, член 22 став 1 и 8 од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на Република Македонија бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 143/19, 14/20, 95/20, 208/24 и 210/24), Правилникот за систематизација на работни места во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година, бр.02-560/15 од 19.07.2018 година, бр.02-500/17 од 30.08.2019 година, бр.04-455/6 од 23.09.2021 година, бр.02-516/2 од 10.07.2023 година и бр.02-238/29 од 05.05.2025 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.19-6672/2 од 01.07.2025 година, ЈП ХС Злетовица - Пробиштип објавува

## ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2025

### за вработување на 7 (седум) извршители на определено време до 31.12.2025 година

ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, со седиште на ул.Цветко Тонев бр.3А, тел.032 481 520, e-mail: contact@hszletovica.com.mk има потреба од вработување на 7 (седум) извршители на определено време до 31.12.2025 година, и тоа:

1. **Технички директор,** со шифра КДР 0305 А01 039, 1 (еден) извршител со исполнување на следниве услови:

<u>Општи услови</u>:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

<u>Посебни услови</u>:
- Стручни квалификации**:** најмалку 240 кредити стекнати спред ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инженерство и технологија
- Работно искуство: најмалку 4 години работно искуство во струката, од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката, од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,

<u>нето износ на плата</u>: 57.185,00 денари

<u>Распоред на работно време:</u>
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот

<u>Потребна документација</u>:
- целосно пополнета пријава
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општа работна способност
- доказ дека не е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност
- диплома или уверение за завршено образование
- доказ за работно искуство

2. **Администратор за компјутерска опрема и софтвер,** со шифра КДР 0102 В04 012 - 1 (еден) извршител со исполнување на следниве услови:

<u>Општи услови:</u>
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност

Посебни услови:
- Стручни квалификации: VI Б според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен – Инженерство и технологија: Електротехника, електроника и информациско инженерство
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката
Посебни работни компетенции:
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)
нето износ на плата: 31.188,00 денари
Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот
Потребна документација:
- целосно пополнета пријава
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општа работна способност
- доказ дека не е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност
- диплома или уверение за завршено образование
- сертификат за познавање на компјутерски програми
- сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски)

3. **Работник во пријавница**, со шифра КДР 0405 А02 005 - 1 (еден) извршител со исполнување на следниве услови:
Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
Посебни услови:
- Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации III, 180 кредити според ЕЦВЕТ или тригодишно средно образование - гимназија
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката
нето износ на плата: 28.986,00 денари
Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот
Потребна документација:
- целосно пополнета пријава
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општа работна способност
- диплома или уверение за завршено образование

4. **Техничар во диспечерски центар и информирање/ Диспечер во SCADA систем**, со шифра КДР 0401 А01 079 - 1 (еден) извршител со исполнување на следниве услови:
Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место

Посебни услови:
- Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование – машински техничар, електротехничар и геолошко рударски техничар.
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката
нето износ на плата: 29.104,00 денари
Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот
Потребна документација:
- целосно пополнета пријава
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општа работна способност
- диплома или уверение за завршено образование

5. **Оператор за одржување на објекти/ Работник за одржување на брана со придружни објекти**, со шифра КДР 0401 А01 123 - 1 (еден) извршител со исполнување на следниве услови:
Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
Посебни услови:
- Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката
нето износ на плата: 29.104,00 денари
Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот
Потребна документација:
- целосно пополнета пријава
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општа работна способност
- диплома или уверение за завршено образование

6. **Работник за одржување на објекти/ Работник за одржување на зафати и цевководи,** со шифра КДР 0401 А01 087 - 2 (два) извршители со исполнување на следниве услови:
Општи услови:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
Посебни услови:
- Стручни квалификации: најмалку ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или четиригодишно средно образование
- Работно искуство: со или без работно искуство во струката
нето износ на плата: 29.104,00 денари
Распоред на работно време:
- работни денови: од понеделник до недела,
- работни часови: 40 часа неделно,
- работно време: од 7 до 15 часот

Потребна документација:
- целосно пополнета пријава
- уверение за државјанство
- лекарско уверение за општа работна способност
- диплома или уверение за завршено образование

Документите се доставуваа во оригинал или копија заверена на нотар.
Јавниот оглас трае 5 (пет) дена сметано од денот на објавување во дневен печат.
Кандидатите се пријавуваат на јавниот оглас со пополнување на пријава. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат од канцелариите на јавното претпријатие или на веб страната www.hszletovica.com.mk

Пријавите со потребните документи да се достават во запечатен плик на адреса: ЈП ХС Злетовица - Пробиштип, ул.Цветко Тонев бр.3А Пробиштип, со ознака "Јавен оглас за вработување бр.01/2025", по пошта или во архивата на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип секој работен ден од 7-15 часот.

Некомплетните, ненавремени и неуредно пополнети пријави нема да се земат во предвид при разгледувањето.
Постапката за селекција на пријавените кандидати се состои од проверка на пријавите и веродостојноста на доставените податоци и докази во прилог на пријавата. По завршување на постапката за селекција ќе се спроведе интервју со кандидатите кои ги исполнуваат условите. Постапката за селекција и интервју ќе ги спроведе Комисија формирана од Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип. По завршување на постапката, за извршениот избор секој кандидат ќе биде писмено известен.

НАПОМЕНА: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Пробиштип
04.07.2025

ЈП ХС Злетовица
Директор
Златко Стојановски

подготвил: Марија Насевска
одобрил: Маја Стојчева